1477

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СБ НОАВМ -РЕСЕН

Бр. 08-8/1
17.02.1997 год.

Ресен

ДО

ТОДОР СИМОВСКИ
Ул. " Руса Плавева" бр. 6

СКОПЈЕ

Според договарањето меѓу Вас и претставниците на Општинскиот одбор на СБ НОАВМ-Ресен, обврзани бевте најдоцна до 10.02.1997 година, на Општинскиот одбор на СБ -Ресен да му ги вратите сите материјали кои Ви беа дадени од овој одбор и Крсте Митревски од с. Јанковец, а во врска со подготвувањето на Монографијата за Наум Веслиевски - Овчарот.

Во определениот рок ( приближно ) на Општинскиот одбор на Сојузот му вративте само дел од материјалите. Така да сеуште не се вратени материјалите - сеќавањата на :

1. Дане Петковски,
2. Крсте Митревски ( од Скопје )
3. Вангел Илиевски,
4. Васко Ангеловски
5. Вангел Шајновски
6. Ване Нечовски.

Исто така не се вратени целосно материјалите кои Ви се дадени од страна на Крсте Митревски од с. Јанковец.

Од тие причини се обраќаме писмено до Вас, и бараме преостанатите невратени материјали да ги доставите до овој Одбор најдоцна до крајот на месецов, односно до 28.02.1997 година.

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СБ НОАВМ-РЕСЕН
Претседател,
Ѓорги Приуловски

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СБМ РЕСЕН
Бр. 08-8/2
11.06.1997 год.
Ресен

ДО
ТОДОР СИМОВСКИ
Ул."Руса Плавева" бр. 6

С К О П Ј Е

КОПИЕ ДО - ТОДОР СИМОВСКИ
ТУРИСТИЧКА НАСЕЛБА "ПРЕТОР"

На 17.02.1997 година со наш акт бр. 08-8/1 се обративме до Вас со барање до 28.02.1997 година, на Општинскиот одбор на СБ Ресен да му ги вратите материјалите кои Ви беа врачени во врска со изготвувањето на Монографијата за Наум Веслиевски - Овчарот, како и материјалите што ги примивте од Крсте Митревски од с. Јанковец.

Со оглед дека сеуште од Ваша страна не ни се повратени бараните материјали од : Дане Петковски,
Крсте Митревски ( од Скопје )
Вангел Шајновски
Вангел Илиевски и
Ване Нечовски,
-уште еднаш Ви укажуваме дека истото треба да го сторите до крајот на месец јуни 1997 година.

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СБМ-РЕСЕН
Претседател,
Ѓорѓи Прцуловски